Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 01-10-2025
Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:
49-8783/2

Бр. 12-2051/2
29.09 2025 година

**До:**

Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации

Министерство за локална самоуправа
Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3216 134
Факс: (02) 3216 134
Е-пошта:
Веб страница:
www.mls.gov.mk

**Предмет:** Мислење во врска со предлог-иницијативата на ОПТЕТ – Охрид

**Почитувани,**

Во рамки на повикот до граѓанските организации и други заинтересирани страни за придонес во подготовката на Програмата на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, и согласно доставената предлог-иницијатива под наслов „Стопански развој на руралните заедници во општина Охрид и Северна Македонија", поднесена од Организацијата за рурален туризам, екологија и традиција – ОПТЕТ, Охрид, Министерството за локална самоуправа Ве информира дека:

• Согласно нашите надлежности, Министерството за локална самоуправа не е надлежно за регулирање на прашања поврзани со угостителската дејност, која претставува значаен сегмент во развојот на пошироките форми на алтернативен туризам. Овие прашања се во надлежност на Министерството за култура и туризам, како и Министерството за економија и труд.

• Прашањата поврзани со руралниот развој, особено во делот на мерка 7 од ИПАРД 3 програмата (2021–2027), се во исклучива надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

• Во однос на наведениот предлог за измена и дополнување на Законот за локална самоуправа, во делот на месната самоуправа, кој има за цел да се утврди статусот на месните заедници како правни лица, Министерството за локална самоуправа ќе го разгледа предлогот и ќе побара дополнително време за детална анализа на сите правни и практични аспекти.

Министерството ја поддржува важноста на активното учество на жителите преку месните заедници, особено во руралните средини, и ја поздравува секоја иницијатива насочена кон унапредување на нивниот статус како дел од процесот на развој на локалната самоуправа.

Министерството за локална самоуправа останува отворено за соработка во рамки на своите надлежности и укажува на потребата од понатамошна координација со релевантните институции.

Во таа насока, Ве информираме дека Министерството за локална самоуправа го доставува ова мислење единствено до Генералниот секретаријат на Владата, одделение за соработка со невладини организации, и љубезно замолува, по приемот на мислењата од другите релевантни институции, да извршите нивна консолидација и да ги доставите во целост до предлагачот на иницијативата.

Со почит,

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА,
м-р Златко Перински

Изработил: м-р Хајрие Ахмед
Проверил: Моника Митровски
Одобрил: м-р Јулијана Павковска- Боцевска, државен секретар